*Број: 02 - ___________*
*________ 2017 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од CCXVIII седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 24 јануари 2017 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член (врз основа на членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор, по пат на е-меил извести за своето гласање по однос на предложените точки).*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Наведе и дека отсутната Ина Манчевска врз основа на членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор, по пат на е-меил извести за своето гласање по однос на предложените точки, односно позитивно се изјасни по предлозите. На тој начин, доколку не дојде до промена на предлозите, во гласањето ќе се смета и нејзиниот глас. Потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 214 и 215 седница на Управниот одбор;*

1. *Предлог за донесување на План за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ од Скопје и ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиохирургијата и васкуларната хирургија;*
3. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од областа на специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита;*
4. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за лабораториите кои работат по упат на матичен лекар (ЛУ1);*
5. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болести повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
   *Информативно:*
6. *Годишен распоред на финансиски контроли за 2017 година;*
7. *Разно.*

*Предлогот беше прифатен, со што за работата на CCXVIII-та седница Управниот одбор едногласно усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 214 и 215 седница на Управниот одбор;*

1. *Предлог за донесување на План за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

2. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ од Скопје и ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиохирургијата и васкуларната хирургија;*
3. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од областа на специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита;*
4. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за лабораториите кои работат по упат на матичен лекар (ЛУ1);*
5. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болести повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
   *Информативно:*
6. *Годишен распоред на финансиски контроли за 2017 година;*
7. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

- *Усвојување на записниците од 214 и 215 седница на Управниот одбор*

*Управниот одбор без забелешки, ги усвои записниците од 214 седница одржана на 14 ноември 2016 и 215 седница одржана од 23 ноември до 5 декември 2016 година. Ина Манчевска во своето изјаснување по пат на е-меил наведе дека е воздржана во однос на записникот од 214 седница затоа што не учествувала во работата на таа седница, а гласа за усвојување на записникот од 215 седница.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на План за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во рамките на првата точка на дневниот ред, по објаснувањето и кусата дискусија што следуваше, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***План***
***за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*За овој предлог преку своето изјаснување по пат на е-меил позитивно гласаше и Ина Манчевска.*

*Како дополнителен материјал кон предлог-планот, Управниот одбор ја разгледа и информацијата за стекнувањето на Фондот на право за снабдување со електрична енергија преку лиценцнирани снабдувачи на слободниот пазар.*

*ТОЧКА 2 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ од Скопје и ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиохирургијата и васкуларната хирургија*

*Во рамките на втората точка на дневниот ред, врз основа на предлозите содржани во работните материјали, Управниот одбор едногласно, без дискусија донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиохирургијата и васкуларната хирургија во 2017 година***

*и*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиохирургијата и васкуларната хирургија во 2017 година***

*со кои без изменување на порано утврдените вкупни надоместоци на овие здравствени установи, се изврши промена на соодносот на средствата наменети за кардиохируршки и за васкуларни интервенции.*

*За овој предлог преку своето изјаснување по пат на е-меил позитивно гласаше и Ина Манчевска.*

*ТОЧКА 3 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од областа на специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита*

*Врз основа на предлогот од работните материјали за седницата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко-***

***консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година***

*со која се измени договорниот надоместок на една здравствена установа, поради раскинување на договорот помеѓу Фондот и здравствената установа.*

*За овој предлог преку своето изјаснување по пат на е-меил позитивно гласаше и Ина Манчевска.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за лабораториите кои работат по упат на матичен лекар (ЛУ1)*

*И по четвртата точка на дневниот ред Управниот одбор врз основа на предлогот од работните материјали за седницата, едногласно донесе*

*Одлука*

***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за 2017 година***

*со која се зголеми договорниот надоместок на една здравствена установа, поради склучување на анекс на договорот помеѓу Фондот и установата за вклучување на дополнителна работна единица.*

*За овој предлог преку своето изјаснување по пат на е-меил позитивно гласаше и Ина Манчевска.*

*ТОЧКА 5 - Предлог за донесување на Правилник за изменување на правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата*

*Во врска со овој предлог кој беше ставен за гласање на 217 седница без одржување на состанок, објаснување даде директорот Стефаноски. Наведе дека донесувањето на изменатана правилникот се предлага заради спроведување на заклучоците на Комисијата за заштита на населението од заразни болести, формирана од Министерството за здравство, поради зголемениот број на заболени од грип. Измената ќе овозможи избраните лекари да издаваат боледување по сопствена проценка без да ги упатуваат осигурените лица да вршат лабораториски испитувања, рентген и ЕКГ, додека осигурените лица на поедноставен начин ќе можат да*

*обезбедат боледување за привремена спреченост за работа поради грип, како и упатување на повисоко ниво на здравствена заштита. Овој начин на работа ќе се применува до 31 март 2017 година.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата***

*За овој предлог преку своето изјаснување по пат на е-меил позитивно гласаше и Ина Манчевска.*

*ТОЧКА 6 – Годишен распоред на финансиски контроли за 2017 година*

*Во рамките на шестата точка на дневниот ред која беше од информативен карактер, Управниот одбор се запозна со Годишниот распоред на финансиски контроли за 2017 година. Во врска со Годишниот распоред, Управниот одбор не донесе одлуки или заклучоци.*

*ТОЧКА 7 – Разно*

*7.1 Во рамките на точката Разно, Илија Глигоров се осврна на интернет страницата на Фондот укажувајќи на потребата за ажурирање и исправање на одредени содржини. По дискусијата што следеше, во која се вклучија сите членови, Управниот одбор со мнозинство на гласови донесе*

***Заклучок:*** *Секторот за информатика да ја ажурира интернет страницата на Фондот, односно да провери со сите овластени за објавување податоци дали има потреба од изменување, дополнување или отстранување на содржини од страницата. Покрај на содржинскиот дел, треба да се обрне внимание и на соодветното користење на утврдената терминологија во сите објавени содржини (нпр. директорите на Фондот треба да се именуваат како директори а не генерални директори, да се употребуваат официјалните називи на секторите, одделенијата и работните места) како и на јазичната правилност на објавените текстови. На првата седница што ќе се одржи по истекот на еден месец од денешната, Секторот за информатика да извести за прогресот на активностите за ажурирање на интернет страницата.*

*За заклучокот гласаа Ангел Митевски, Љубиша Каранфиловски, Илија Глигоров и Ненад Гавриловиќ, додека Елена Трпковска беше против.*

*7.2 Потоа директорот Стефаноски го запозна Управниот одбор дека Фондот во соработка со Министерството за здравство планира да промовира нови интервенции, односно типови на терапии кои ќе бидат плаќани со условни буџети. Потоа подетално се осврна и на самите услуги и на клиниките каде тие ќе бидат воведени.*

*По ова, точката 7 и целиот дневен ред беа исцрпени и Управниот одбор во 14.15 часот заврши со работата на CCXVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Ангел Митевски***

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*